**ПОЛИТИКА НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ**
**ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ДРУГИТЕ ИЗВРШНИ ТЕЛА**
**НА**
**ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ - МАКЕДОНИЈА**

**Вовед**

Во работењето на Транспаренси Интернешнл - Македонија (ТИ-Македонија), член на организацијата, вработен во неа, член на Извршниот или Надзорниот одбор, може да се најде во ситуација на судир на интереси. Под судир на интереси се подразбира состојба кога погоре наведените лица ќе се најдат во ситуација да одлучуваат за работа во која постои нивен личен интерес или пак интерес на членови на нивните потесни семејства. Под судир на интереси, покрај личниот, се подразбира и интересот на фирми чии сопственици, основачи или сопственици на акции се наведените лица и членови на нивните потесни семејства.

***Со цел наведените лица да не можат да дојдат во ситуација на личен судир на интереси, истите не можат да стапуваат во директни стопански и други профитабилни соработки со ТИ-Македонија***.

**Паричен или финансиски интерес**

Член на организацијата, вработен во неа или член на Извршниот, Надзорниот или **нивни** вработени, соработници или роднини **можат да имаат** предпоставен паричен интерес во одлуките на бордот или извршениот орган, или може да имаат корист од таквата  одлука, било во форма на пари, подароци, услуги, благодарност, обврска за провизија добра, услуги или други посебни побарувања.

***Во случаи кога постои финансиски интерес, неопходно е членот на организацијата, вработен во неа или член на Извршниот или Надзорниот одбор  да даде изјава.***

**Должности на членовите на Извршниот одбор на ТИ-Македонија**

Извршниот одбор на ТИ-Македонија треба да биде составен од луѓе со завидно и разновидно академско, деловно, професионално и лично искуство во општествената сфера на живеење. Таквиот состав на Извршниот одбор има за цел да овозможи негова сестраност и донесување на квалитетни одлуки во корист на работата и остварувањето на целите на ТИ-Македонија.

Секој член на Извршниот одбор има еднакви права и обврски во текот на работењето и одлучувањето на Одборот.

Учеството или влијаењето на членовите на Извршниот одбор и раководните органи врз одлуките, со кои селективно и диспропорционално **ќе се соработува и ќе се користат услуги на** одделни организации , компании или професионални или академски групи, е повреда на довереноата одговорност на членот на бордот да делува на фер и објективен начин во заштитан а најдобрите интереси на ТИ-Македонија.

**Принципи**

Од членовите на бордот и извршните тела на ТИ-Македонија се очекува да се однесуваат со интегритет во врска со сите активности врзани со ТИ-Македонија. Членовите на Извршниот одбор и другите извршните тела треба да ги користат своите вештини и искуство за претставување на целите и намерите на ТИ и ТИ-Македонија, да делуваат и да носат одлуки во заеднички интерес. Членовите на Извршниот одбор не треба да делуваат на начин на кој селективно или диспропорционално ќе фаворизираат одредени агенции, фирми, организации, професионални или академски групи.

**Одговорности на Претседателот на Извршниот одбор**

Претседателот на Извршниот одбор на ТИ-Македонија е надлежен да обезбеди сите личности номинирани од/или избрани од бордот или извршниот орган да бидат информирани за политиката и процедурата во врска со судирот на интереси. Политиката и процедурите треба да бидат достапни за целото членство на ТИ-Македонија преку нивно објавување.

**Одговорности на членовите на Извршниот одбор и другите извршните тела**

Членовите на Извршниот одбор и на другите извршните тела се должни да ја препознаат можноста за судир на интереси и од нив се очекува да ја пријават таквата состојба во согласност со следното:

1) За цел на оваа политика, за "блиски" се сметаат родителите, блиските роднини, сопружниците или партнерите на член на управниот одбор или извршниот орган, како и секоја организација, агенција, компанија, професионална или академска група или индивидуа (како бизнис партнер или вработен) во формална врска со член на бордот.

2) Секој член на Извршниот одбор**, кој преку некој од членовите на потесното семејство или своите соработници** има или мисли дека има потенцијален судир на интереси во однос на постоечки или предложен договор, трансакција или одлука на ТИ - Македонија, треба веднаш, пред постапувањето кон таков договор, трансакција или одлука, да ја изложи природата и големината на интерес на состанок на Извршниот одбор.

3) Ако **членови на потесното семејство или соработници** на член на Извршниот одбор се заинтересираат за договор, трансакција или одлука после состанокот на Извршниот одбор на кој е презентиран проблемот, членот на Извршниот одбор ќе даде изјава за судирот на интереси на првиот нареден состанок на Извршниот одбор.

4) Во случај на постоење на договор, трансакција или одлука, изјавата треба да биде дадена на првиот состанок на Извршниот одбор откако членот ќе стане директор или член на извршен орган, или ќе најави интерес да стане член на овие тела.

5) После давањето на таква изјава, заинтересираниот член на Извршниот одбор не треба да гласа или да биде присутен на гласањето, бидејќи може да влијае на текот на гласањето за некој договор, трансакција или одлука, нити пак треба понатаму да биде сметан за потребен кворум во гласањето.

6) Ако член на Извршниот одбор има дадено изјава за интерес во согласност со оваа политика, не одговара пред ТИ - Македонија за профитит што **членови на неговото семејство или негови или нејзини соработници** можат да го реализираат од договорот, трансакцијата или одлуката.

7) Ако членот на бордот или извршниот член пропушти да даде изјава **за интерес на членовите на неговото потесното семејство или соработниците** за договор, трансакција или одлука како што се бара во политиката, тоа може да се смета за основа за поведување постапка за одговорност од страна на бордот или извршното членство.

8) Ако член на Извршниот одбор или друг органо верува дека кој било друг член на Извршниот одбор или друг орган е во позиција на судир на интереси во врска со било кој договор, трансакција или одлука, членот на Извршниот одбор или друг орган треба да го изнесе проблемот и тоа да се нотира во записникот. После барањето на членот на Извршниот одбор или друг орган кој ја пријавил загриженоста, Извршниот одбор треба да гласа за постоење на судир на интерес. Прашањето дали или не членот на Извршниот одбор или друг орган имал судир на интерес ќе биде утврдено со просто мнозинство во Извршниот одбор.

9) Секоја изјава за судир на интереси треба да се забележи во записникот на состаноците на Извршниот одбор.